Марија ТАШЕВА-ПОЦЕСКА

# АНОМИЈА И ДЕВИЈАЦИЈА

## Мертоновата теорија за општествените услови на девијацијата

Општествената промена претставува тема која долго време не го окупира интересот на американските социолози Таа и е посебно далечна на функционалистичката мисла, која тргнувајќи од Контовата дихотомна поделба на социологијата на општествена статика и динамика, целото свое внимание и го посветува на статиката Водечките личности на школата, како и нивните ученици ги проучуваат условите на функционирањето на општествениот систем, типот на интеррелациите меѓу неговите делови, начините на кои се постигнува општествениот еквилибриум без да ја претпостават можноста дека тој може да се доведе во ситуација кога не може да го постигне своето нормално функционирање и е принуден да претрпи коренити промени. Продолжувајќи ја старата традиција на Малиновски и Редклиф-Браун тие го согледуваат општествениот систем како појава која во својот внатрешен склоп вклучува механизми кои се доволно моќни да ја обезбедат од промената. Меѓутоа, актуелната практика, кога почнувајќи од пеесеттите години па натаму Соединетите Држави ги потресуваат внатрешни конфликти предизвикани од етничките и расни нееднаквости, како и од неадекватната надворешна политика, придонесе постепено тие да ја прошируваат основата на своите интересирања Така аномијата, девијацијата, конфликтот и сл. почнаа да се идентификуват како феномени кои се присутни во најголемиот број, ако не и во сите современи општествени системи.

Од социолозите кои со својата научна дејност ја определуваа физиономијата на школата, Роберт Мертон е еден од ретките кој се трудеше многу пред другите да отстапи од шемата на класичниот функционализам. Окупиран со принципите на функционирањето на современото американско општетсво (а не со малите примитивни општествени системи како поголемиот број функционалисти) тој не може да се оглуши од присуството во него на низа институции кои не само што не се функционални во однос на општата системска организација туку и го попречуваат нејзиното нормално егзистирање, како и други кои иако на прв поглед изгледаат штетни за системската рамнотежа претставуваат нормална последица на нејзиното секојдневно делување.

Користејќи ја како појдовна основа теоријата на Диркем, Роберт Мертон уште кон крајот на триесеттите години се зафаќа со проблемот на аномијата и деликвенцијата базирана на неа. Неговите есеи посветени на оваа проблематика станаа објект на сестрана анализа во рамките на американската социолошка сцена и нова основа на која се надоврзуваат низа современи концепции на оваа тема[1].

### *Определба на аномијата*

Најголемиот број современи определби на аномијата се базирани на онаа разработена во многубројните дела на Емил Диркем. Тој неа ја согледува како состојба во која постои недостиг на номрално и нормативно водство на општеството како последица на што индивидуите се чувствуваат повеќе или помалку дезориентирано и во определени ситуации се однесуваат на начини кои отстапуваат до она што во општеството со цврст морален и нормативен поредок се смета за нормално[0] Мертон ја акцептира таквата определба, но сепак во своите дела терминот аномија го применува на општесвени состојби кои вклучуваат поширока содржина. Тој ја проучува аномијата имајќи го американското општество како основна аналитичка рамка, а условите на неговата практика се такви што не го дозволуваат потполното прифаќање на Диркемовата дефиниција. По Тиријакин[3] тоа, посматрано од аспектот на Диркемовата определба претставува хронично аномично општество. Тоа никогаш не успеало да изгради јак религиозен систем кој ќе ја потпомогнува легитимизацијата на политичкиот авторитет и институционализацијата на единствениот морален поредок а тоа го прави аномично во сите негови сфери — политичката, економската, културната.

За Дирекем аномијата претставува времена состојба. Таа се јавува во определени ситуации во поодделни елементи од општеството или пак исклучиво во целото општество во текот на развојот за да биде совладана по одреден период со помошта на општествените моќи за реинтеграција. За Мертон пак таа претставува перманентна состојба предизвикана од механизмите на нормалното функционирање на мо-

---

[1] Во 1939 год. Мертон го издава својот познат есеј „Социјална структура и аномија" (Social Structure and Anomie)). Подоцна тој овој есеј го надополнува со есејот „Продолженија на теоријата за социјалната структура и аномијата"(Continuities in the Theory of Soclal Structure and Anomie). Во блиска релација со оваа тема е и неговата теорија за референтните групи прикажана низ повеќе есеи од кои ќе ги споменеме „Придонеси кон теоријата на референтното групно однесување" (Contributions to the Theory of Reference Group Behavior (with Alice S. Rossi) и Продолженија во теоријата на референтните групи и социјалната структура (Continuities in the Theory of Reference Groups and Social Structure). Сите тие стануваат составен дел на неговото познато дело „Социјална теорија и социјална структура" (Social Theory and Social Structure) 1949, The Free Press), чие девето издание од 1964 год. се користи во забелешките.

[2] Е. Диркем, Правила социолошке методе, Савремена школа Београд, 1963 Е. Диркем, О подели друштвеног рада, просвета Београд, 1972.

[3] У. Tiryakian, Neither Marks nor Durkheim, Perfaks Weber, AJS, vol. 81, No 1, July 1977, str. 10—13

дерните индустриски општества[4]. Тој ја задржува Диркемовата дефиниција на аномијата како состојба на релативно беззаконие во општеството, но ги ревидира ставовите кои се однесуваат на нејзините причини[5]. Имено, додека првиот, нејзиниот настанок го бара во промените во економската етика, кои доведуваат до рушење на границите на човековите желби, за вториот таа е резултат на „прекинот во културната структура кој настанува посебно во случаите кога постои голем акутен расчекор меѓу културните норми и цели и општествено-структурираните капацитети на членовите од групата да делуваат во согласност со нив"[6]. Меѓутоа кога од базата на општиот концепт ги истражува конкретните случаи на аномичното однесување доаѓа до резултати кои се сосема слични на Диркемовите, односно до ставот дека во некои општества стремежот за остварување на некои цели кои по својата природа се неограничени е толку голем, што неможе да биде регулиран преку соодветните нормативни ограничувања кои стварно слабеат. Резултат на тоа е усмерувањето кон аномија и девијантно однесување. Објаснувајќи ги мотивите кои го навеле да го напише познатиот есеј за аномијата, тој истакнува дека во текот на времето „постојано јасно терминот аномија има пошироки импликации од посебните феномени какво што е самоубиството, исто како што било евидентно дека самиот поим не е идеја ad hoc, неповрзана со начинот на сфаќањето на општествената и културната структура"[7].

За Диркем поимот аномија се однесува на општествената и културната структура а не на индивидуите кои и се спротивставуваат на таа структура. Неговата дефиниција е чисто социолошка. И Мертоновата дефиниција, исто така. останува во рамките на социолошките определби иако тој ја зема предвид и состојбата на индивидуата, и тоа тогаш кога настојува да ги објасни различните форми на девијантното однесување кои следат од аномијата. Кај него е присутна релацијата општествени услови — психолошка состојба — девијантно однесување, но тој поголемо внимание им посветува на надворешните чланови на релацијата. За разлика од него многу претставници на американската мисла на поимот му даваат психологистичка обоеност. Мак Ајвер (Mc Iver) ја дефинира како „состојба на умот кај оној што е исфрлен од своите морални корени", за него „аномичниот човек станува духовно стерилен, одговорен само на себе, кој не одговара на никого. Тој живее на тесната линија на чувството меѓу непостоењето на иднината и непостоењето на минатото"[8] Сличен став зазема и Лео Сроул (Leo Srole) за кого аномијата претставува психолошка состојба

---

[4] R. Merton, Social Theory and Social Structure, str. 132.

[5] J. Herbert Mc Closky and Jonn Ccaar, Psyhological Dimensions of Anomy, ASR, vol. 30, No 1, Feb. 1965, str. 15.

[6] R. Merton, cit. delo-.

[7] R. Merton, Anomia and Social Interaction: Contexts of Deviant Behavior, vo Marshal B. Clivard /Ed/., Anomie and Deviant Behaviour, New York, Free Press 1964, str. 215.

[8] Mc Iver, The Ramparts We Gard, New York, Macmillan Comp., 1950, str. 84—85.

која се однесува на „воопштените индивидуи, продорно чувство на припадност на себе кон другите на едниот екстрем споредено со дистанцата на себе кон другите на другиот пол на континуумот“[9] Тој диференцира пет модалитети на аномична состојба на умот кои се мерат со петчлена скала, која во рамките на американските студии за аномијата е еднакво широко користена како и Мертоновата[10]

За Мертон поимот на аномијата нужно претпоставува дека индивидуите се наоѓаат во определена средина која ги вклучува од една страна културната средина а од друга социјалната структура. „Социјалната структура ги ограничува културните вредности, правејќи ја акцијата која е во согласност со нив лесно можна за оние кои заземат определени статуси во општеството и тешка или неможна за другите. Социјалната структура делува како бариера или како отворена врата во однос на исполнувањето на културните барања. Кога културната и општествената структура се лошо интегрирани првиот повик е... притисокот кон прекин на нормите, кон безазконие“[11]. Мертон додава дека тоа не е единствениот услов кој ја создава аномијата, но верува дека е најзначајниот.

Изворите на аномијата Мертон ги бара во самата општествена структура, во механизмите на нејзиното нормално функционирање. Определени процеси, по него, создаваат можности општествената структура да создаде околности во кои индивидуите ги остваруваат улогите во согласност со општествено пропишаните барања и истовремено, други процеси водат кон околности во кои однесувањето на индивидуите е неконформистичко и девијантно. Некои општествени структури вршат определен притисок одделни личности од општеството да се ангажираат повеќе во неконформистичко отколку во конформистичко однесување“[12]. Ако биолошкиот фактор како усмерувач на индивидуалното однесување се отфрли како неадекватен, а Мертон

[9] Leo Srole, Social Integration and Certain Corollaries: An Exploratory Study, ASR, 21, Dec. 1956, str. 709—716.

И покрај психолошката обоеност на својата дефиниција Сроул не отстапува многу од основните ставови на Диркем и Мертон. Психолошката состојба на умот и за него претставува рефлексија на економскаите и општествените услови. И тој е окупиран со проучувањето на местото на аномичните индивидуи во општествената структура. За него состојбата на аномијата кај индивидуата е во голем обем зависна од условите на социологичката интеграција иако не ја исклучува ниту можноста таа да биде само функција на фактори од психолошка природа, така што социогенезата на аномичната состојба „вклучува фактори на психогената персоналност во нивниот интерактивен однос со елементите на дисфункцијата и лошата интеграција на општествениот систем“. (Srole. Interdisciplinary Conceptualization and Research in Social Psyhiatry).

[10] Петте модалитети на Сроуловата скала се: 1) согледување дека водачите на заедницата се индиферентни во однос на барањата на луѓето; 2) согледување дека малку може да биде исполнето во општеството кое е согледано како во основа непредвидливо и со недоволен поредок; 3) согледување дека животните цели повеќе се измолкнуваат од колку што биват реализирани; 4) чувство на вчауреност; 5) убедување дека човекот не може да смета на лични придружници за општествена или психолошка поддршка.

[11] R. Merton, Social Theiry and Social Structure, str. 162—163.

[12] R. Merton, Social Theory and Social Structure, str. 132.

го прави тоа, тогаш причините за таквата појава можат да се бараат само во културната средина која создава определен склоп на околности кои ги наведуваат луѓето на исти поттици да реагираат на поинаков начин од луѓето кои живеат во поинаква општествена средина.

Мертон ја анализира културната средина која создава услови за аномично однесување и од неа одделува два основни елементи кои ги усмеруваат луѓето кон конформистичко или пак кон девијантно однесување: културните цели и институционалните рамки Првиот елемент на општествената структура ги претставува целите, намерите, интересите, дефинирани преку културата, кои зависно од степенот на својата легитимација во општеството ги определуваат општите рамки на аспирациите на индивидуите. Целите се повеќе или помалку интегрирани и грубо поредени во определена вредносна хиерархија. Вклучувајќи различен степен на чувства и значења доминантните цели ја определуваат општата рамка на аспирациите. По своето значење тие претставуваат базичен, иако не исклучив, елемент на физиономијата на групниот живот. Вториот, пак, елемент од општествената структура ги определува, регулира и контролира прифатливите модели преку кои се постигнуваат овие цели. Тие по Мертон варираат кај различните општествени групи. Секоја група ги усогласува своите културни цели со регулативите вкоренети во обичаите или институциите кои го определуваат начинот на остварувањето на дадените цели[13].

За да можат да ја остварат својата функција, да го определуваат обликот на практичната акција на индивидуите, потребно е културните цели и институционалните норми да се наоѓаат во односи на врзаемно единство. Меѓутоа, во определени околности, во целото општество или во некои негови групи, не постојат објективни услови за реализација на нивниот константен однос. Во општествата во кои културниот систем не е доволно моќен да обезбеди цврст интегритет не е многу изразен принудниот карактер на институционалните норми врз индивидуалното однесување. Во такви случаи однесувањето може да биде водено во поголема мера од нелегитимни норми отколку од институционалните. Во други случаи, спротивни на првите, целото однесување на индивидуите е пропишано и како такво има особености на ритуал. Овде бројот на пропишаните алтернативи за остварувањето на определени акции е ограничен а конфромизмот силно изразен и затоа постојат мали изгледи за остварување на дадените културни цели. Овие два примера Мертон ги наведува како поларни типови со идеалнотипско значење. Најголемиот број конкретни општества се наоѓаат на средината: меѓу едниот пол претставен со дезориентираното и другиот со традиционално интегрираното општество[14].

[13] Истото str. 133.

[14] Двете поларни состојби, онаа на преголемата интегрираност и спротивната на неа на премалата интегрираност всушност покажуваат сличности со едниот комплекс на поларни варијабли од Дирекемовата определба на општествените состојби изложена во „Самоубиство". Станува збор за комплексот кој ги вклучува аномичната и фаталистичка состојба како два основни екстрема на манифестирањето на нормативниот поредок во општеството.

Во општествата во кои е постигнат еквилибриум меѓу двата елемента на структурата конформизмот на индивидуалното однесување е усмерен и кон културните цели и кон институционалните средства. Во таа смисла акцијата се остварува преку институционално санкционирани модели. Ако пак тој не е постигнат тогаш постојат услови за општествена девијација. Мертоновата хипотеза за девијантното однесување е базирана на ставот дека тоа е доминантен тип на однесување во оние општества во кои дошло до расчекор меѓу двата основни елементи на општествената структура.

Расчекорот меѓу целите и средствата создава напнатост која претставува услов за девијантното однесување. Но се поставува прашањето: колкав треба да биде расчекорот за да доведе до напнатост, „колку треба да бидат наметливи целите, колку неизвесно нивното спроведување, колку недоволно нивното исполнување за да ја предизвикаат напнатоста"[15]. По Коен (Cohen) Мертон премногу едноставно го искажал односот кој во својата основа не е ниту многу јасен, ниту многу едноставен. За него самото ниво на поставените цели варира кај различните актери, а сообразно на тоа варираат и средствата кои се соодветни за нивното остварување. Во нивото на аспирациите тој не гледа определен квантум, кој преземен од културата не може да се модифицира кога се преточува во човековата психа. Определени цели кои ги наметнува културата индивидот ги прифаќа како разумни и се стреми кон нивното постигнување, а средствата потребни за тоа ги оценува како погодни или не зависно од тоа, каква е нивната успешност при реализирањето на акцијата на оние кои служат како референтна група. Чувството на пропорционалноста меѓу напорот и наградата не е определен од објективни показатели туку од референтно-групните ориентации — од можностите на другите да ги остварат целите преку определени средства. Затоа и стварната распределба на доходот за Коен претставува аспект на општествената структура кој е од големо значење за определбата на напнатоста.

Дисоцијацијата меѓу културните цели и институционалните средства за нивното остварување може да се манифестира низ повеќе модели. Расчекорот меѓу нив може да биде базиран на недоволната нагласеност на целите и преголемата нагласеност на средствата и обратно — во потенцирањето на културните цели но истовременото запоставување на начините на кои тие можат да се постигнат Самиот Мертон својот нагласок го става на општествените случаи во кои расчекорот извира од исклучиво силната нагласеност на определени цели без да им се даде нагласок на средствата преку кои тие би се постигнале. Современото американско општество го наведува како пример за поларниот тип од овој случај. Овде паричниот успех се смета за основен индикатор на општествениот престиж и затоа кај луѓето се јавуваат големи амбиции за неговото постигнување. Меѓутоа недоволната нагласеност на средствата за неговото постигнување води кон избор на

[15] Albert Cohen, The Sociology of the Deviant Act: Anomie Theory and Beyond ASR, vol. 30, No. 1, Feb. 1965, str. 6.

средства кои технички се покажуваат како најпогодни, но кои секогаш не се признаени како легитимни. Анализирајќи го американскиот модел на воспитување тој доаѓа до заклучок дека во него на преден план се става моделот на човекот кој почнувајќи од најраната младост па во текот на целиот живот се движи нагоре по скалата на општествената хиерархија. Оваа перманентна подвижност се остварува со помош на постојаната самоиницијатива и самопрегорната трудова дејност[16]. Но младите воспитувани во овој дух, заклучува Мертон, уште во почетните животни чекори добиваат поука дека целите кон кои ги упатува воспитниот систем само во исклучителни случаи можат да се постигнат со помош на средствата кои тој ги предлага. Нивните обиди за прилагодување на ситуацијата во која до богатството — базичниот симбол на успехот не може да се дојде едноставно и лесно преку препорачаните модели на акција, Мертон ги воопштува и ги прикажува како основни модели на адаптација.

### *Модели на адаптација*

Својата скала на девијантното однесување Мертон ја гради по примерот на Диркемовата скала на самоубиствата И тој го нагласува општествениот извор на девијацијата, отфрлајќи ги притоа објаснувањата кои тргнуваат од биолошките импулси или од менталното пореметување на личноста Навистина, тој не е толку исклучив при отфрлањето на овие извори, но останува на становиштето на својот претходник дека општествената патологија ги проучува „нормалните реакции на нормалните луѓе на ненормалните општествени ситуации“[17]. Сепак во својата почетна верзија неговата теорија вклучува елементи и на индивидуализам кој ќе се обидат да го надминат неговите ученици Clowar. i Ohlin. Поткрепувајќи ги своите ставови со некои сознанија до кои доаѓаат претставниците на чикашката школа тие го истакнуваат ставот дека девијантната акција не е само израз на реакцијата на индивидуалната психа на социјалните поттици, туку дел на здружената општествена активност, на субкултурата во рамките на која индивидуот се определува за определен тип на делување во процесот на взаемната комуникација со другите, кои преку своето одобрување или неодобрување на определен тип на акција го усмеруваат кон определен избор[18].

---

[16] Merton, cit. delo. str. 138—139.

[17] Durkheim, Suiside, Cit. po Smelser and Warner, Sociological Theory: Historical and Formal, Silver Burdef Comp., 1976, str. 100.

[18] За Cloward и Ohlin деликвенцијата претставува одговор на нееднаквоста во сферата на образованието и економијата, Додека кај Мертон стапката на девијацијата е зависна од степенот на аномијата во општеството, кај нив покрај неа значаен елемент се и објективните можности. Различните можности во остварувањето на целите можат да го упатат индивидот кон девијантно однесување, но во случаите кога нелегитимните средства не се погодни тој не се однесува девијантно. Тие се окупирани не само со проблемот на деликвенцијата, туку и со субкултурниот контекст во условите на кој се реализира деликвентната акција. По нив формата на усвоената деликвентна акција зависи од присуството или отсуството

За Мертон, во почетокот, девијацијата претставува реакција на индивидуата на општествената ситуација, за подоцна, преку теоријата на референтните групи, преку укажувањето на улогата на споредувањето во создавањето на напнатоста која води кон девијација да и даде сè повеќе групно одбележја. Во исто време тој е окупиран со стапките на однесувањето а не со неговите индивидуални манифестации.

Ставени во ситуација кога поради несовпаѓањето на културните цели со институционалните средства за нивното постигнување луѓето не можат на оптимален начин да ја реализираат својата акција, тие по Мертон реагираат на различни начини. Модалитетите на оваа реакција тој ги воопштува и ги прикажува преку табелата на моделите на адаптацијата која вклучува пет основни типа. Во неа односот кон културните цели и институционалните норми е прикажан со симболите: + (прифаќање на целите или средствата), — (нивно отфрлање) и ± (отфрлање на старите средства и цели и прифаќање на нови)[19].

---

на определени нелегитимни средства. Локалната средина го наметнува изборот на деликвентната практика. Од друга страна самата субкултура, која го поддржува деликвентното однесување и го помогнува неговото реализирање, придонесува тоа во определени средини да биде вообичаен начин на однесување.

Тие ги прифаќаат различните видови на деликвентна адаптација определени од Мертон и укажуваат на различните средини во рамките на кои се реализира секој од нив. Различните средини создаваат услови за различни видови на деликвентна акција. Во „стабилните области на сламовите", каде луѓето уште од детството ги усвојуваат деликвентните вредности постојат погодни услови за деликвентна кариера. Во „нестабилните обласи на сламови", каде не постои интеграција меѓу конвенционалните и деликвентни вредности поради брзото менување на населението кое има различни карактеристики, проширен модел на деликвентна практика е конфликтната банда, ангажирана во насилства и вандализам.

[19] Франк Харари пронаоѓа определени недоследности во користењето на овие симболи. Метрон по него прави две основни грешки: 1) тој користи ист симбол за две или повеќе идеи и 2) користи два симбола за една иста идеја. Така тој го употребува знакот + за означување на крајниа индиференција (како што е случајот кај гповлекувањето), но и за субституција (иновацијата), Истњвремено кај субституцијата во случакјот на иновацијата и востанието користи различни симболи (+ и ±). За да ја зголеми прецизноста на табелата тој предлага воведување уште на еден знак 0 кој означува индиферентност.

Тој конструира две табели — една поширока во која разграничува 25 типови на адаптација користејќи при тоа пет знака кои ги симболизираат различните модалитети на однесувањето кон општествените средства и цели и друга, потесна, базирана на три знака: — (негативна валенса), + (позитивна валенса) и о (индиференција). кој со нивна помош ја конструира оваа табела:

| Средства Валенса | Цели 0 | + | — |
|---|---|---|---|
| 0 | Повлекување | Желбеност | Антижелбеност или проповедништво |
| + | Ритуализам | Конформизам | Развојност |
| — | Битницизам | Иновација | Востание |

Frank Harary, Merton Revised, A New Classification for Deviant Benaviour, ASR, Oct. 1966, Vol. 31, No. 5, str. 693—689.

[19] Merton, cit delo, str. 140.

Табела 1

| Модели на адаптација | Културни цели | Институционални средства |
|---|---|---|
| I Конформизам | + | + |
| II Иновација | + | — |
| III Ритуализам | — | + |
| IV Повлекување | ± | ± |
| V Востание | | |

Конформизмот го означува оној модел на однесување, кого го карактеризира позитивен однос како кон општествените цели така и кон институционално пропишаните средства за нивното постигнуање. Тој е најчест во општествата со стабилен систем.

Иновацијата претставува модел на однесување проширен кај некои општествени структури, кај кои усвојувањето на културниот нагласок на целите не е следено со соодветна асимилација на општествено-пропишанитете ередства.

Ритуализмот, кој според симболите со кои е означен претставува спротивен тип на иновацијата, се однесува на оние индивидуи од општеството кои, поставени пред ситуацијата да го изберат ризичниот пат на остварувањето на целите кој може да ги доведе до планираниот успех но и до паѓање на пониско скалило на општествениот престиж или пак до стагнацијата на позицијата што веќе ја имаат, се определуваат за второто. Тие ги отфрлат општествените цели а слепо се придржуваат кон институционалните процедури.

Повлекувањето е најредок модел на адаптација. Кај него индивидите се адаптираат (патолошки адаптират) на тој начин што ги отфрлаат и културните цели и институционалните средства и така се „во општеството но не се негови". Во оваа категорија спаѓаат сите видови отпадници, невротичари, аутисти, хронични алкохоличари, наркомани и сл.

Востанието се однесува на луѓето кои се надвор од границитена општествената структура и кои, согласно со тоа бараат нова структура кон која ќе можат полесно да се прилагодат. Тие ги отфрлаат општествените цели и норми и ги заменуваат со нови.

Индивидуите се ставени во ситуација да се определуваат за различните модели на адаптација во општеството кое е аномично. Аномичната ситуација е медиумот кој ја предизвикува девијацијата (иако таа може да се појави во исклучителни ситуации и во средини кои не се аномични). Самото пак девијантно однесување претставува најдобар индикатор за постоење на аномија. Од друга страна типот на адаптацијата за која ќе се определат, зависи од местото што индивидуите го заземаат во општествената структура. „Класните стратуми не се само

диференциран субјект на аномијата, туку и диференциран субјект на еден или друг одговор на неа“[20]. Преставниците на различните класни и статусни групации, во неможноста на оптимален начин да ги реализираат своите животни аспирации го избираат моделот на прилагодување, кој најмногу одговара на нивното место во општествената структура.

Анализирајќи ја Мертоновата теорија за девијацијата Stinchombe доаѓа до заклучок дека тој се задржува на четири основни извори на поттици за мотивираноста кон определен тип на девијантна акција: социјализацијата, системот на наградувањето, потврдувањето на личниот идентитет преку општествената улога и потребите кои ги поттикнува општествената структура.[21] Социјализацијата уште од десттвото ги упатува луѓето кон успехот зашто тој престтавува мерка на вредноста на личноста. Меѓутоа, покрај него таа може да им даде нагласок и на други алтернативи преку кои исто така може да се изрази личната вредност. Од друга страна, таа во различните општествени групи може да потенцира различни вредности. Кога социјализацијата би била доволно диференцирана, кога секоја општествена група би поседувала сопствен систем на мерење на општествениот престиж, тогаш луѓето би ги градиле своите идеали во согласност со сопствените животни можности и не би постоеле услови за девијација. Во современите општествени системи, меѓутоа, неминовно постои систем на релативно единствени мерила на престижот. Овде релативната диференцијација на социјализацијата се јавува само како услов кој води кон адекватен избор на моделот на адаптацијата. Од друга страна и самиот систем на наградување во модерните општествеа ги упатува мотивите на луѓето кон исти цели, додека неговата статусна нагласеност ги наведува да го определуваат својот идентитет по принципите на референцијата. Покрај тоа, Мертон големо внимание му посветува на системот на информацијата, која ги води луѓето при правењето на изборот на алтернативите за реализација на акцијата и која истовремено ги упатува на системот на општествените санкции.

Целите на паричниот успех објективно им се далечни на претставниците на пониските класи од американското општество. Меѓутоа поради вредносниот систем кој не е доволно диференциран во согласност-со класната хиерархија, нив ги прифаќаат како своја животна ориена тација луѓето од целото општество. Притоа, некои индивидуи одниските класи не се стремат нив да ги постигнат на секој начин, но други „кои навистина ги усвојуваат целите на успехот“[22] од нив не се одкажуваат дури ни по цената на примената на неконформистички средства кои се општествено санкционирани. Значи, Мертон не тврди дека сите претставници на пониските класи се склони кон девијантно однесување.

---

[20] Истото стр. 163.

[21] Arthur Stinchombe, Merton's Theory of Social Structure, vo Lewis Coser (Ed.), The Idea of Social Structure, Harcourt Brace Jovanovich, New York, 1975, str. 11—35.

[22] Merton, Истото. стр. 171.

Само малцинството од нив навистина, а не вербално ги усвојува културните барања на паричниот успех и практично се стремат кон неговото постигнување. Девијантното однесување, во крајна инстранца е само „помошен примерок, додека конформизмот е основен примерок“[23]. Неговата хипотеза се состои во тоа што претставниците на пониските класи во поголема мера од претставниците на повисоките класи се склони кон девијантно однесување „како резултат на нивните помали можности за постигнување на паричниот успех“.

Својата хипотеза ја поткрепува со податоците добиени од емпириските истражувања што самиот ги спровел, како и со други, реализирани во национални размери. Во сите нив било утврдено дека повисоките службеници во многу поголем процент изразуваат верба во напредувањето преку залагање во постојната позиција отколку фабричките работници, како што, во исто време и првите повеќе веруваа од вторите дека напорната работа ќе им биде адекватно надоместена. Впрочем, неговиот став по ова прашањеи не е осамен. Така и Алберт Коен кој ја гради својата теорија на девијацијата по угледот на Мертоновата, ги согледува Соединетите Држави како општество во кое високо се вреднува амбицијата, натпреварувањето, постигнувањето. Овде семејствата на средните класи ги воспитуваат своите деца да ја практикуваат самоконтролата и преку самозаложување да го остварат својот животен план. Школскиот систем ги поттикнува кон стекнување на одредени квалификации, а системот на наградувањето им гарантира дека со поседувањето на одредени интелектуални, технички или општествени вештини подоцна ќе бидат наградени. Децата, пак, на работничката класа брзо научуваат дека се хендикепирани во борбата за статусите кои се мерени со вредностите на средните класи. Тие стануваат анксиозни и бараат определени решенија за излезот од својата ситуација. Но нив не ги бараат на индивидуален туку на групен план, заедно со другите кои и припаѓат на истата класа и се соочени со истите проблеми. Децата се здружуваат, заеднички ги напуштаат училиштето, црквата, семејството — основните институции на средните класи. Така се појавува деликвентната банда која претставува колективен протест против статусниот систем кој младите од пониските класи ги става на дното од хиерархијата. Таа е примитивна политичка реакција, која во себе го носи својот пораз, зашто има тесни интереси кои општествената контрола лесно ги согледува и истовремено нема јасно изразена свест за реализацијата на својот идеал. Нивната активност главно е усмерена на негирањето на вредностите на средните класи[24].

Некои понови студии за криминалот се обидуваат на друг начин да ги интерпретираат податоците за неговото распространување меѓу различните класи. За нив поголемата стапка на криминални акции меѓу претставниците на работничката класа не произлегува од ситуацијата која нејзините членови ги наведува кон нелегитимни активности, туку

---

[23] Истото.

[24] Albert Cohen, Sociology of the Deviant Act: Anomie Theory and Beyond. ASR, !o, Feb., 1965, str. 5—14.

од самиот систем на вредностите прифатен во општеството. Имено, општествено штетните дејности кои се распространети меѓу членовите на пониските класи се вреднувани како девијантни и на соодветен начин санкционирани. Низа други, пак, дејности кои за системската целина се уште поштетни, но влегуваат во доменот на активностите на повисоките класи, не се разграничени како такви. Значи не се работи за тоа дека пониските класи се повеќе ориентирани кон општествено-патолошки акти, туку дека нивните отклонувања се повеќе видливи. Тие се појасно назначени како девијантни во постојниот систем и постриктно санкционирани.

## Посебни забелешки за моделите на адаптацијата

*Конформизам*

При определувањето на првиот модел на адаптацијата пред Мертон се поставува проблемот да ја назначи релацијата меѓу конформизмот, неконформизмот и девијантното однесување, односно да определи дали неконформизмот е девијантен, од една страна, и дали конформизмот може да се разгледува како општествено непожелна дејност, од друга страна. За него неконформизмот сам по себе не значи девијантно однесување. „Она што е назначено како „неконформизам" во вообичаената историска смисла мора јасно да се разграничи од другите видови на девијантно однесување чии најчести форми се криминалот или деликвенцијата. Овие видови на девијантно однесување се разликуваат структурно, културно и функционално"[25]. Тој пронаоѓа блискост меѓу нив само на појавно ниво. Во обата случаи индивидуите не се со живуваат со очекувањата зацртани во нормативниот систем кои ги прифаќаат останатите со кои тие се ангажирани во системот на взаемно поврзаните статуси и улоги. Неконформистот отворено го искажува своето несложување со владеачките норми на групата и ја подложува на критика нивната легитимност. Криминалниот актер, пак, воопштено ја признава нивната легитимност, но тајно ги крши. Неконформистот се труди да ги измени нормите на групата, заменувајќи ги со нови кои подобро би се вклопиле во постојниот систем. Криминалецот единствено се стреми да ја избегне присилата на нормите. Неконформистот е спремен да ги крши моралните норми од цели кои не се поврзани со личниот интерес, другиот одстапува од нив со цел да оствари определени интереси. Првиот ги има во предвид санкциите за кршењето на нормативниот поредок, но наспроти тоа отворено ги крши нормите, свесен за последиците од својата акција. Вториот ги знае санкциите и се труди да ги избегне, сокривајќи ја својата дејност од погледите на јавноста.

Во објаснувањето на ефектите на девијантното однесување во рамките на општествениот систем Мертон во основа не отстапува од основните концепти на Диркем за функцијата на криминалот во општеството. Неконформистите и актерите на девијантното оддсување ги

[25] Merton, sit. delo, srt. 360.

активираат механизмите на општествената контрола во доменот на социјалниот статус и социјалната улога на девијантите. Тие побудуваат морално несогласување не само кај оние кои се во непосреден однос со девијантите туку и кај пошироката јавност. На тој начин „неконформизмот и девијантното однесување водат кон зајакнување на механизмите на општествената контрола ... кај пошироките колективи, дополнувајќи ги со културно воспоставени норми усмерени на враќањето на девијантите ... назад на нормалното". Мертон ја прифаќа и другата функција која Диркем и ја припишува на девијацијата — остварувањето на промената на моралниот поредок, движењето кон нова моралност. Оваа функција ја реализираат пред сè не онформистите, кои во определени историски ситуации, отфрлајќи ги постојаните морални норми се придржуваат на друг комплекс на вредности „на моралните вредности од постаро време кои се изгубиле или кон моралните вредности на времето што доаѓа"[26]. Во таа смисла станува збор за промени усмерени кон минатото и иднината — реализирани од неконформисти кои се „конзервативци или реакционери" и други „радикалисти или утописти". Реализацијата на оваа функција тој ја образложува преку теоријата на референтните групи. Неконформистите претставуваат група која всушност се конформира со „вредностите, стандардите и очекувањата на референтните индивидуи и групи"[27]. Доколку тие делуваат изолирано, „неповрзано со минатите, сегашните или реалните референтни групи" станува збор за аутизам, за каприциозна мисла или акција лишена од реалност.

Што се однесува до самиот конформизам, тој како модел на адаптација е даден само условно. Конформизмот е девијантен само во случаите кога прераснува во натконформизам, кога индивидуите упорно се придржуваат кон постојниот модел на однесување во изменетите околности, кога ригидноста се јавува како сопирачка за нормалното функционирање на системот кој напредува. За Мертон човекот е должен да ги менува своите животни ставови и модел на акцијата заедно со промената на општествениот систем.

### *Иновација*

Иновацијата Мертон ја дефинира како модел на однесување кој се остварува во условите кога индивидуите го усвојуваат нагласокот на културните цели без истовремено интернализирање на институционалните норми кои ги орределуваат средствата за нивното остварување. Тој не се оглушува од сè почестите јавни искажувања за големото присуство на овој вид девијантно однесување меѓу повисоките слоеви од населението — оние ангажирани во административните и организациски дејности (криминалот на белите јаки), но останува на основната позиција на која е базиран неговиот теориски модел дека инова-

[26] Истото, стр. 362.
[27] Истото, стр. 363.

цијата како тип на девијантно однесување е поинтезивна во редовите на претставниците на пониските општествени слоеви. Неа тој ја согледува како „нормален“ одговор на определени слоеви на населението на ситуацијата кај која е усвоена целта за постигнување на паричен успех, но постојат мали изгледи тој да се реализира со помошта на легитимни средства. Тоа се слоевите на луѓе ангажирани во мануелни активности и пониски административни служби. Кај нив, поради културните нагласоци кои одговараат на можностите на високите класи од една страна и класната ограниченост од друга, доаѓа до нарушување на структурниот еквилибриум. Неговото пореметување во најголема мера го условува изборот на средствата преку кои може да се постигнат дадените цели, но кои излегуваат надвор од системот на морално пропишаното, „триумфот на аморалната интелигенција над морално пропишаниот пех, кога каналите на вертикалната подвижност се затворени или стеснети во општеството кое му дава високо предимство на економскиот успех и социјалниот раст за сите членови од општеството[28]. Дискрепанцата меѓу средствата и целите породува напнатост а таа повеќе погодува некои индивидуи. Заземајќи бесперспективни позиции во групата тие се повеќе изложени на притисоците и повеќе склони кон девијантна акција. Ако отстапувањето од институционалните норми е следено со успешно постигнување на целите, тогаш тенденцијата кон девијација се зголемува, и тоа води кон ситуација на слабеење на општествените норми и нивна замена со нелегитимни. На тој начин во општеството се зголемува аномијата а со самото тоа уште повеќе бројот на оние кои се впуштаат во нелегитимни дејности. Сепак иновацијата за Мертон не е нужно дисфункционална во однос на општествениот систем „Стриктното и бескомпромисно придружување кон превладувачките норми би било функционално само во групата што не постои — групата која е комплетно статичка и непроменлива во социјалната и културна средина, која е статичка и непроменлива. Извесен (непознат) степен на отстапување е можеби функционален за базичните цели на сите групи. Извесен степен на иновација, на пример, може да води кон формацијата на нови институционални примероци на однесување кои повеќе се прилагодени од старите во однос на реализацијата на основните цели“[29] Значи во однос на целиот склоп на својата концепција Мертон се движи во рамките на Д ркемовата теорија.

*Ритуализам*

Се поставува прашањето: зошто ритуализмот, кој е определен како спротивност на иновацијата, е ставен во скалата на девијантното однесување? Ако претставниците на пониските класи се номинирани како девијантни бидејќи ги прифаќаат општествените аспирации чие

[28] Истото, стп. 146.
[29] Истото, стр. 182.

постигнување е надвор од доменот на нивните класни можности, тогаш зошто определени групации кои не си ги поставуваат истите цели бидејќи се надвор од нивните објективни можности и истовремено, во својот секојдневен живот, при поставувањето на целите кои се движат во рамките на остварливото се придржуваат стриктно до иниституционално пропишаниот комплекс на средства — се именуваат како девијанти? Самиот Мертон е свесен за оваа противречност кога напоменува дека овој тип на адаптација претставува општествен проблем кој може да се смета или да не се смета за девијација, но сепак останува на становиштето дека тој претставува „отстапување од културниот модел во кој човекот е должен да настојува активно да делува, пред се преку институционалните процедури, да се движи напред и нагоре во општествената хиерархија“[30]. За него ритуализмот не претставува девијација поради својата особина да го нарушува општествениот поредок, туку поради преголемата статичност, поради неспособноста да му ги дава оние поттици кои се потребни тој да биде животен, да напредува во рамките на своите квантитативни можности, Преку ритуализмот тој ја прикажува улогата на бирократијата во модерните индустриски општества, и тоа посебно улогата на еден слој од нејзината хиерархија — оној на ниските бели јаки, ниската средна класа, која го усвојува моделот на воспитниот систем во кој е потенцирано барањето за придржувањето кон моралните мандати на општеството. „Примерокот на социјализацијата на ниската средина класа создава карактерна структура која е предиспонирана кон ритуализмот и во тој стратум, согласно со тоа овој примерок на адаптација најчесто се јавува[31]. Подоцна, во „Бирократска структура на личноста“ Мертон укажува на константниот притисок што го врши бирократската структура врз своите службеници да бидат „методични, вредни, дисциплинирани“ од што следи високиот степен на конформизам кон пропишаните примероци на акцијата. Овој конформизам тие продолжуваат да го практикуваат не само во сверата на работните задолженија, тој станува основна вредност во организацијата на нивниот севкупен живот. Тие се развиваат во ригидни личности, неспособни да покажат пластчиност при разрешувањето на животните проблеми, во „апсолутисти кои комплексот на целите не го согледуваат како релативен, па се придржуваат само за определени правила, кои иако се чинат најпогодни воопшто се покажуваат како неефективни при примената на посебните случаи„[32]. Во овој поглед Мертон ритуализмот го приближува до конформизмот даден во своите екстермни облици.

---

[30] Истото, стр. 15 0 .
[31] Истото, стр. 151 .
[32] Истото , стр. 2 0 0 .

*Повлекување*

Со овој тип на девијантно однесување окупирани се низа американски социолози. Зорбо во делото „Златната обала и сламот„. во рамките на еколошката структура на градот со посебна сликовитост го опишува оној тесен градски појас меѓу два административни блока во кој царуваат наркоманијата и проституцијата, во кој својоето засолниште го наоѓаат скитниците, алкохоличарите, и сите други кои ги изгубиле надежите во животот[33]. Кардинер ни го дава ликот на „Господин Никој„ кој е свесен за својата безначајност во бессмислениот свет во кој нема свое место, во кој е ослободен од конфликтот зашто ја напуштил борбата за престиж и безбедност, во кој е резигниран од неможноста да постигне среќа или напредување[34].

За Мертон повлекувањето претставува најредок облик на адаптација што ја практикуваат оние кои ги имат усвоено и културните цели и институционалните средства, но кои во текот на нивната лична практика не се покажуваат како ефективни. Резултат на тоа е „двоен конфликт: меѓу усвоеното морално задолжение за прифаќање на институционалните средства наспроти притисоците да се усвојат недозволени средства (преку кои може да се оствари намерата) и индивидуално скренување истовремено и од средствата кои се легитимни и од оние кои се ефективни"[35]. Индивидуата се извлекува од барањата на општеството преку поразот, квиетизмот и резигнацијата. Не можејки ни од далеку да се приближи кон саканите цели преку легитимни мерки кои пренoгу се имаат интернализирано во неговата свеста за да може да ги прекрши, оној што губи го разрешува својот проблем на тој начин што се повлекува комплетно од општествените барања, стаува асоцијален.

Во „Продоженијата на торијата за оштествената структура и аномијата" Мертон го разгледува повлекувњето како одговор на акутната аномија, кој се случува во условите на наглиот прекин на вообичаената нормативна рамка и прифатените општествени односи посебно во случаите кога индиуите се соочени со сознанието дека таквата состојба ќе продолжи во недоглед. Еднакво како Диркем и тој таквите аномични ситуации ги наоѓа во наглото пензионирање, кога индивидуата ги губи своите професионални задолженија кои исполнуваат голем дел од нејвиниот животен простор, како и во вдоштвото, кога вдовицте (почесто жените отколку мажите) чувството на недостигот на нормалните семејни односи го манифестираат преку „носталгија за минатото и апатија за сегашноста"[36]. Подоцна Cloward i Ohlin ќе и посветат поголемо внимание на повлекувачката адаптација отколку што и го посветува Мертон, деифнирајќи ја во исто време на малку поинаков начин. Тие го анализираат повлекувњето кај младите

---

[33] Zorbough, The Gold Coast and the Slum, Chicago, 1929, str. 108.
[34] Abram Kardiner, The Psychological Frontiers of Society, New York, 1945.
[35] Merton, cit. delo, ctr. 153.
[36] Истото, стр. 189.

кои користат дроги пред сè хероин, За нив овие млади луѓе се двојно изгубени. Тие ги немаат како кај Мертон интернализирано забранетите за користење на недозволени средства. Тие се изгубени и во однос на конвенционалноста и во однос на илегалноста.

*Востание*

Малото внимание што Мертон му го посветува на овој вид на адаптација е во согласност со општиот став на функционалистичката социологија кон генералната општествена промена. За него востанието е начин на однесување кој се случува само во определени, локализирани општествени групации и исклучиво може да добие ендемичен тек. При определбата на востанието тој се труди да го разграничи од некои општествени состојби, кои во текот на своето манифестирање можат да покажуваат сличности со него. Како пример го наведува јадот кој вклучува непријателство, омраза, завист, чувство на бессилност во однос на класата кон која се изразуваат претходните чувства и продолжено манифестирање на ова непријатетство. Но тој не вклучува промена на вредностите шо е типично за востанието.

За востание се определуваат определени општествени групи кои „во институционалниот поредок гледаат пречка за задоволување на легитимните цели"[78]. Тие настојуват, преку политичка акција, да изградат таква општествена структура во која културните стандарди и успехот ќе бидат така модифицирани што ќе можат да воспостават поблиска кореспонденција меѓу желбите, напорите и наградите. Би могло да се помисли дека за Мертон востанието го претставува основниот модел на општествената промена, обликот преку кој се остварува преминот од старата несоодветна општествена структура кон новата која повеќе одговара на новите општествени околности, преку која се задоволува потребата за напредокот. Навистина тој не ја исклучува оваа негова улога.Француската револуција, кога „премногу големиот расчекор меѓу очекувањата за мобилност и стварното исполнување довело до состојба на аномија"[37], тој ја наведува како пример за исклучителните ситуации кога тоа може да земе замав на општ општествен процес. Меѓутоа, во основа востанието за него останува модел на адаптација кој во модерните општества не добива толку широки димензии. Тоа најчесто се задржува во рамките на малите и релативно немоќни елементи од заедницата кои во своите настојувања за промена на општоприфатениот вредносен поредок со нов станууваат изолирани субјекти, алиенирани од општата заедница. Како пример за нив ги наведува алиенираните младешки банди кои имаат своја сопствена субкултура. Сепак, со укажувањето на основните причини за појавата на востанието, Мертон дава на знаење дека е во прашање класен конфликт.Имено, тој наведува две основни причини за аномичната ситуација која води кон востание: класната и кастинската, од кои самиот

[37] Истото стр. 156.

тој поголемо внимание и посветува на првата, иако го открива и присуството и на втората дури и во условите на современиот американски живот.

*Завршни забелешки*

Во низа концепции, кои ја сочинуваат суржта на неговото дело, Мертон како да се обидува да излезе надвор од рамките на функционализмот. Меѓутоа сите негови обиди за функционална анализа на различните елементи од структурата на американскиот општествен систем завршуваат со заклучоци кои не и одат во прилог на оваа негова намера, кои напротив ги поткрепуваат старите функционални постулати. Тој ги анализира појавите кои се чинат дисфункционални во однос на системот (на пр. политичката машинерија) за да дојде до заклучокот дека најчесто зад појавната дисфункционалност се крие латентна функција. Ја анализира деликвенцијата, како општествено штетна активност, за да се убеди самиот себе дека таа е неделив елемент на општествената структура, резултат на нормалното функционирање на високо развиениот општествен систем.

Својата торија за девијацијата тој ја почнува имајќи го Диркемовото дело како појдовна точка, за на крајот да дојде до истите ставови како својот претходник, дека општествениот ситсем може еволутивно да се развива, одржувајќи го при тоа својот внатрешен интегритет, а за да го постигне и едното и другото, и промената и рамнотежата, од значење е нормалното функционирање на сите негови конститутивни елементи. Во таа смисла аномијата се јавува како нормална состојба на системот кој релативно поинтензивно се менува, а деликвенцијата како нормална појава во констелацијата на таквите прилики, која има позитивна функција во смисла на покренувањето на чувствата и акциите кои ги афирмираат позитивните вредности на системот и со тоа го јакнат моралниот поредок кој стои во основата на функционалниот интегритет. Со тоа тој во деликвенцијата не гледа појава која во себе поседува моќ да го срупи системот утку елемент од општествената структура кој придонесува за неговото нормално функционирање.

Анализирајќи ја распространетоста на деликвентната акција тој неминовно се соочува со проблемот на класата, кој во времето кога ја разработува оваа своја теорија не е многу присутен во американската социологија. И во однос на него тој останува доследен функционалист. Во неговото согледување на општествениот систем хиерархијата е неминовност, нужна структурна карактеристика на сите општествени системи, и постарите и поновите. Затоа и во неговите согледувања за развојот на системот не станува збор за укинувањето на хиерархијата, исклучувањето на класите туку, изнаоаѓњето на механизми преку

кои ќе се постигне совладувањето на притисоците кои водат кон нарушување на системската рамнотежа во која класните односи имаат значајно место. Така и моделите на адапцијата се јавуваат како механизми преку кои претставниците на различните класи се трудат да ги совладаат напнатостите кои ги создава системот кој се развива.

Мертон си го поставува прашањето: дали треба или не треба да постои деликвенција? Она на што по него треба да се одговори е колкави треба да бидат нејзините размери за да може да биде проследен елемент во функционирањето на системот без да го доведе во прашање нарушувањето на неговата рамнотежа. Тој не користи прецизни квантитативи, но постојано напоменува дека таа не смее да излезе од рамките на парцијалноста, присутноста во само изделени делови од општеството и тоа во ограничени размери. Тоа и го објаснува неговото настојување да го запостави криминалот на средните слоеви, зашто неговото признавање би покажало дека деликвенцијата не е парцијална туку масовна појава и како таква може да биде опасна за системскиот еквилибриум.

Расчекорот меѓу културно наметнатите цели и институционално пропишаните средства за нивното остварување е составен дел на современите индустриски системи кои неминовно се хиерархиски од една страна, и во кои од друга страна, еволуцијата дошла до стапка на изградба на единствен вредносен систем. Во таа смисла и Мертон не повикува на нејзиното конечно разрешување, туку на држењето во размери кои го гарантираат нормалното системско функционирање. А за тоа најголем придонес може да оствари релативно диференцираната социјализација. Таа во високо развиениот систем се јавува како оној механизам кој повеќе од другите го потпомогнува изборот на моделите на адаптацијата. Поправо таа има двојна улога. Со својата недоволна диференцираност таа придонесува за тоа сите членови од општеството да имаат животни цели ,а со релативната диференцираност го потпомогнува прилагодувањето на оние чие место во општеството не им овозможува да ги реализираат овие цели. Кога социјализацијата би била до тој степен диференцирана што секоја општествена класа би имала свој сопствен систем на вредности тогаш личноста би можела да ги принајде елементите на своето сопствено потврдување во рамките на својата класа. Воспитниот систем би ги упатувал луѓето од различните класи кон различни животни цели, кои би биле во согласност со расположливите средства за нивното постигнување. Но тоа би било општество чија формација на структурата не одговара на модерноста, тоа би претставувало повраток кон старите сталешки и кастински структури. Мертон е свесен дека модерните општества, чиј најре-

презентивен примерок се САД, неповратно се избориле за релативно единствен систем на општествени вредности кои ги наметнуваат преку релативно единствен систем на воспитување. Ниту во еден општествен слој луѓето не ја оценуваат својата животна позиција споредувајќи се само со луѓето од истиот општествен слој, туку со оној што е пред нив во скалата на оп штествениот престиж. Впрочем, теоријата на референтните гру пи го зазема најширокиот простор во Мертоновите научни преокупации. Модерното општество не може да биде кастинско, во него мора да постои единственост на стремежите, идеалите, целите, единственост на мерилата на општествениот престиж. Но тоа во исто време не може да излезе од својата хиерархиска структура, зашто таа е неминовна. Во него секогаш ќе постојат луѓе кои ќе извршуваат општествени улоги кои се различно вредувани, кои водат кон разномерна распределба на богатсвата, престижот и моќта, кои со самото тоа даваат нееднинствени шанси за постигнување на истите животни идеали. Останувајќи секогаш доследно на рамништето на функционализмот, Мертон и неможе да се ослободи од ставот кој се провлекува низ целото негово дело дека современите индустриски општества се хронично аномични.

**Марија Ташева-Поцеска**

## ANOMIE AND DEVIANCE[1] MERTON'S THEORY OF SOCIAL CONDITIONS OF DEVIANCE

In the conception of his theory of anomie and deviance. Merton begin from the Durkheim's general principals. He accepts his assignements of anomie as a condition where exist a lack of moral and normativ guiding of society as a result of which they feel more or less desoriented and in a specific situation behaving in manners which deviates from what is considered as normal in the society with firm moral and normativ order. But, because of his specific scientifical interest .. anomie of ricent American society, which, observed from the aspect ot the Durkheim's definition is hronical anomical society, he gives to the concept of anomie a wider contents. For him it is a permanent condition of relative lawlessness, caused by the mechanisms of the normal functioning of the modern industrial societis. The anomie is resuit of the brakage in the cultural structure which hapens especialy in the cases of wider gap between the cultural norms and goals and the socialy structured capacity of the members of the group to act in accordance to them. This gap for Merton is a component part of the recent industrial sistems which from one side are necesserely hierarhical, and from the other came to a stage of a development of unical valueable sistem. It can be dissolved through the modalites of adaptation, i.e.,

the different types of deviant behaviour which are practised by the participants of the classes with different place in the hierarhical structure, in order to dissolve the strains which generate the developing sistem.

Accepting the anomie as a normal state, Merton does not ask himself whether it is needed in the society or not. That what he is trying to answer is to find out what should be it's range, in order to be a con-sequent point of the functioning of the social sistem, without bringing in question his equilibrium Without using precise quantitatives he constantly points out that it could not excceed the limits of the parciality, of the precense in separate social groups and in limited ranges. That is why, while discribing the reasons for the criminality among the members of the lower classes, he obviously ignores the fact that it is also present in the higher classes. The accerptance of this fact would show that the deliquency is not a partial but a mass item and as that dengerous for the sistem's equilibrium.